С О В Е Т  НА  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е

# З А П И С Н И К

**Од ДВАЕСЕТ И ДЕВЕТТАТА седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 06.07.2023 година**

**СКОПЈЕ, ЈУЛИ 2023 ГОДИНА**

**З А П И С Н И К**

**Од Дваесет и деветтата седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 06.07.2023 година**

Седницата започна во 12:20 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше, Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, **Дијана Илиевска**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставници од општинската администрација и подносителите на материјали предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Дваесет и осмата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Дваесет и осмата** седница на Советот на Општина Гази Баба, без забелешки со **24 гласа "ЗА"**.

**********

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **Дијана Илиевска**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата **со следниот предлог за дополнување** на предложениот дневен ред:

Согласно извештајот на статутарно-правната комисија, бр.09-5548/2 од 06.07.2023 година, се предлага дополнување на предложениот дневен ред со следната точка:

**15.** Предлог - Одлука за прифаќање и утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка, помеѓу Општина Гази Баба и Општина Кисела Вода.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точка "15"** беше усвоен со **24 гласа "ЗА"**.

Претседателот на Советот констатираше дека точката "15" е составен дел на предложениот дневен ред.

За работата на седницата со **24 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на комисијата за финансии и Буџет на Советот на Општина Гази Баба;
2. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина на Советот на Општина Гази Баба;
3. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Програмата за одржување на јавната чистота на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2023 година;
4. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување на Програмата за одржување на јавното зеленило на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2023 година;
5. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Програмата за водоснабдување на населените места во руралниот дел на Општина Гази Баба за 2023 година;
6. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за регулиран период 2022 - 2024 година;
7. Предлог - Заклучок за усвојување на корегиран извештај за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - март 2023 година;
8. Предлог - Програма за изменување и дополнување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2023 година;
9. Предлог - Програма за изменување на Програмата за улично осветлување на Општина Гази Баба за 2023 година;
10. Предлог - Програма за изменување и дополнување на Програмата за јавни дејности на Општина Гази Баба за 2023 година;
11. Предлог - Програма за изменување и дополнување на Програмата за основното образование на Општина Гази Баба за 2023 година;
12. Предлог - Програма за изменување и дополнување на Програмата за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2023 година;
13. Предлог - Програма за изменување на Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2023 година;
14. Предлог - Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година; и
15. Предлог - Одлука за прифаќање и утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка, помеѓу Општина Гази Баба и Општина Кисела Вода.

Пред преминување на расправа и одлучување по точките од утврдениот дневен ред, редоследно беа соопштени ставовите на комисиите на советот.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на комисијата за финансии и Буџет на Советот на Општина Гази Баба.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на комисијата за финансии и Буџет на Советот на Општина Гази Баба, со **24 гласа "ЗА"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина на Советот на Општина Гази Баба.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина на Советот на Општина Гази Баба, со **24 гласа "ЗА"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Програмата за одржување на јавната чистота на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа Градоначалникот на Општина Гази Баба и членот на советот - Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Програмата за одржување на јавната чистота на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2023 година, со **20 гласа "ЗА" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување на Програмата за одржување на јавното зеленило на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување на Програмата за одржување на јавното зеленило на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2023 година, со **20 гласа "ЗА" и 3 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Програмата за водоснабдување на населените места во руралниот дел на Општина Гази Баба за 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа Градоначалникот на Општина Гази Баба и членот на советот - Сашо Начовски ( ВМРО - НП - дел од коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Програмата за водоснабдување на населените места во руралниот дел на Општина Гази Баба за 2023 година, со **20 гласа "ЗА" и 3 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за регулиран период 2022 - 2024 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за регулиран период 2022 - 2024 година, со **17 гласа "ЗА" и 6 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на корегиран извештај за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - март 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членот на советот - Сашо Начовски ( ВМРО - НП - дел од коалиција предводена од СДСМ) и претставникот од општинската администрација - Рената Стоилковска.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на корегиран извештај за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - март 2023 година, со **20 гласа "ЗА" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ОСМА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување и дополнување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа Градоначалникот на Општина Гази Баба и членовите на советот: Сашо Начовски (ВМРО - НП - дел од коалиција предводена од СДСМ), Сафет Адеми (ДУИ) и Сузана Трпковска (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2023 година, со **20 гласа "ЗА" и 3 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДЕВЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за улично осветлување на Општина Гази Баба за 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за улично осветлување на Општина Гази Баба за 2023 година, со **20 гласа "ЗА" и 3 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување и дополнување на Програмата за јавни дејности на Општина Гази Баба за 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за јавни дејности на Општина Гази Баба за 2023 година, со **20 гласа "ЗА" и 3 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ЕДИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување и дополнување на Програмата за основното образование на Општина Гази Баба за 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за основното образование на Општина Гази Баба за 2023 година, со **20 гласа "ЗА" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување и дополнување на Програмата за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2023 година, со **19 гласа "ЗА" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ТРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членот на советот - Сашо Начовски ( ВМРО - НП - дел од коалиција предводена од СДСМ) и претставникот од општинската администрација - Сашо Трајков.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2023 година, со **20 гласа "ЗА" и 3 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ЧЕТИРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше членот на советот - Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година, со **19 гласа "ЗА" и 3 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ПЕТНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за прифаќање и утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка, помеѓу Општина Гази Баба и Општина Кисела Вода.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа Градоначалникот на Општина Гази Баба, членовите на советот: Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ) и Сашо Начовски (ВМРО - НП - дел од коалиција предводена од СДСМ) и претставниците од општинската администрација - Сашо Трајков и Драганчо Саздовски.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за прифаќање и утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка, помеѓу Општина Гази Баба и Општина Кисела Вода, со **22 гласа "ЗА"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - Дијана Илиевска ја заклучи Дваесет и деветтата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **13:30** часот.

**Број 09-5856/3**
**од 20 јули 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

***** аудио записот од седницата е составен дел на записникот